Бр./Nr 12-185/3
01-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по предмет број 12-5893/1 од 20.12.2023 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско издадено Одобрение за поставување на урбана опрема од страна на ---------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК укажува на ----------------------, да се преиспита начинот на кои се даваат согласности за поставување на урбана опрема.

Предметот со број 12-5893/1 од 20.12.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител ------------- од Скопје, на ден 20.12.2023 година, поднесена е пријава за неправилности во работењето на Секторот за планирање и уредување на просторот-Одделение за урбана опрема на -------------, по што во ДКСК е оформен е предмет број 12-5893/1 од 20.12.2023 година.

Според содржината на наводите и приложените документи, подносителот на пријавата укажува на незаконско издадено Одобрение за поставување на урбана опрема и донесување на Одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор од страна на ---------------Сектор за планирање и уредување на просторот-Одделение за урбана опрема на --------------. Подносителот наведува дека од страна на службени лица од наведениот Сектор на деловниот субјект --------- ДОО Скопје му издавале одобрение спротивно на ,,Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на ----------" (Службен гласник на ------- бр.-/--) и ,,Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на ----------- (Службен гласник на -------- бр.--/--). Според подносителот Друштвото за статичко и сеизмичко проектирање на објекти ---------- од Скопје кој го изработил елаборатот за поставување на урбана опрема со бр.--/---- од --.--

.2023 година кој бил поднесен како придружна документација од ДПТУУ ------------- ДОО кон барањето врз основа на кој ---------- го донела Одобрението внела невистинити податоци – ја немало прикажано решетката за вентилација од зградата за да ---------- донесе Одобрение за поставување на урбана опрема над решетка за вентилација што е спротивно на Закон.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до ---------------Сектор за планирање и уредување на просторот------------------, со барање за известување дали при издавањето на Одобрението за поставување на урбана опрема се земени предвид општите стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема и дали е земен предвид член 2 од Законот за градење.

Од страна на ------------Сектор за планирање и уредување на просторот---------------, добиен е одговор во кој е наведено дека ---------- издава Одобрение за поставување на урбана опрема и Одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор согласно „Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема ("Службен гласник на -----------" бр. -/--) и „Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на -----------" ("Службен гласник на ----" бр.--/22).

Површината на која била поставена урбаната опрема се наоѓа во сопственост на Република Македонија согласно Имотен лист бр.---- на КП ---/1 КО Кисела Вода 2.

Согласно член 5 став 4 од "Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема ("Службен гласник на -------" бр. -/--), во случај на промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор, одобрението престанува да важи.

Членот 2 од Законот за градење каде се истакнува дека градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за инфраструктура и член 80 каде е одредено дека урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без при тоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, се земени во предвид во "Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на ----------" ("Службен гласник на -------" бр. --/22) и тоа во член 3 кој гласи – Како јавни површини, во смисла на ова Одлука, се сметат и неизградени површини чија намена е за општа употреба, до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови како и во член 4 кој гласи – Одредбите на ова Одлука се применуваат при поставување на времени објекти и урбана опрема на јавна површина како и во случаи кога урбаната опрема е поставена на

објекти или на земјиште во градежна парцела кога ова земјиште се користи во јавна употреба.

Според сето горенаведено ------- донел Одобрение за поставување на урбана опрема (комерцијално-угостителска на ДПТУУ ------------ ДОО со адреса ул.-------- бр.--) да постави урбана опрема, пред деловен простор објекти за брза храна -------- на Булевар -----------, општина Аеродром во Скопје, за период од --.--.2023 до --.--.2024 година. Барателот е должен да ја постави урбаната опрема на вкупна површина од 7.00 м2, во мери и граници одредени во Елаборатот за поставување урбана опрема, заверен во ---------- под бр.--,--/--- на --.--.2023 година. Комуналната такса во висина од 12.810,00 денари била пресметана и наплатена според Законот за комунални такси.

Од горенаведеното, ДКСК цени дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**